# РЕГИОНАЛНИОТ ОДБОР НА СОНК – ВЕЛЕС ЈА ОДРЖА СВОЈАТА ПРВА СЕДНИЦА

Регионалниот одбор на СОНК – Велес, по спроведените избори за претседател на на Регионален одбор и на синдикални организации, на ден 27.01.2022 година (четврток) ја одржа својата прва работна седница, на која беше конституиран и Регионалниот одбор.

На работната средба беа отворени повеќе прашања во надлежност на Регионалниот одбор, а посебен акцент беше ставен на прашањата по однос на Заклучоците донесени од страна на Советот на СОНК, особено во делот на зголемување на платите и други придобивки од Колективните договори кои се во завршна фаза на нивно донесување. Воедно, се дискутираше и за текот и начинот на трансформација на работните места на локално ниво, како и почитување на актите на СОНК и правата кои произлегуваат од нив за членовите на СОНК.



По опширната дискусија, Регионалниот одбор со заеднички став одлучи да се преземат чекори за одржување на работни средби со социјалните партнери, а со цел надминување на одредени проблеми кои ги засегаат вработените во установите од дејностите на детска заштита, основно и средно образование,

наука и култура.